СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 6854/29
03.12.2021 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 3-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 03.12.2021 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 3-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес . На седницата присуствуваат сите советници, 19 на број.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Втората Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден15.11.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од Втората Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот одВтората Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Втората Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес 03.12.2021 и тоа:

1. Предлог-Одлука за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година;

   Точката бр.2 Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД;

   Точката бр.3 Предлог-Одлука за изменување и дополнување на одлуката за домашно долгорочно задолжување во рамки на вториот Проект за подобрување во општинските услуги МСИП 02/2018 СЕ ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД;

   Точката бр.4 Предлог-Одлука за финансиско учество во проект „Рекострукција на коловоз на ул„Слога„ во Општина Кавадарци СЕ

ИЗЗЕМА ОД ДНЕВНИОТ РЕД, потоа редоследно се менува бројот на точките

2. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот пофат;
3. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на планска документација за усогласување на намена на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето;
4. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот КО Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар-Училишна Спортска сала на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, без надомест;
6. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање;
8. Предлог-Одлука за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО узво-извоз Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за примање донација (градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО узво-извоз Кавадарци;
10. Предлог-Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ;
11. Предлог-Правилник за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;
12. Предлог-Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци;
13. Предлог-Програма заобезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;
14. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

15. Програма изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
16. Програма за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, донесена на Управен Одбор на Локален Музеј галерија Кавадарци;
17. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„с.Ваташа за учебната 2021/2022 година;
18. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Страшо Пинџур„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година ;
19. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
20. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;
21. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно сите се за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 22

Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно сите се за.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 23

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.47/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 24

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.47/21 поведен пред Основен суд Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-70/21).

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 25.

Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-70/21).

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-79/21).

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно е усвоен овој Амандман.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 26.

Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-79/21).

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Наративен Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-ноември 2021 година

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 27.

-Наративен Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-ноември 2021 година.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред. Нема.

Доколку нема имам предлог за дополнување на нова точка на денешниот дневен ред а тоа е:

Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година.

Кој е за дополнување на дневниот ред со оваа точка.

Едногласно е усвоена.

Доколку нема други предлози го заклучуваме денешниот дневен ред за денешната трета седница по ред и го ставаме на гласање.

Кој е за дневниот ред за денеска .Едногласно.

Преминуваме на разгледување на точка 1 од предложениот Дневен ред.

1. Предлог-Одлука за трансфер на финансиски средства на Општинска изборна комисија Кавадарци од Буџетот на Општина

Кавадарци за 2021 година за подготовка и спроведување на Локалните избори во Република Северна Македонија 2021 година;

Отварам претрес по наведената точка. Дали има некој за збор. Бидејќи никој нема за збор точката ја ставам на гласање.

Кој е за заедно со Амандманот.

Едногласно усвоена точката.

2. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот пофат;

Отварам претрес по ова точка. Дали има некој за збор.

Бидејќи никој нема за збор го затворам претресот на втората точка и истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно.

3. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намена на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор. Бидејќи никој нема за збор ја ставам точката за гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена точка.

4. Предлог-Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот КО Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор. Бидејќи никој нема за збор ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар-Училишна Спортска сала на ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци, без надомест;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор по оваа точка.

Бидејќи никој нема за збор ја ставам точката на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена точката.

6. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.37/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.

Бидејќи никој не бара збор ја ставам точката на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Одлука за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, граѓани, медиуми. Ќе бидам краток по однос на оваа точка . Само сакам да ми се даде соодветно образложение зошто се продаваат подвижните ствари, тоа ми се чини се однесува на ЈП Комуналец. Ако може да се даде само бразложение за точката.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет, колеги советници,граѓани и медиуми.Во врска со оваа точка разговаравме на Комисијата за имотно - правни прашања. Се работи за побарувања по основ на стечајна постапка од доверителот кој што се јавува Комуналец како доверител при побарувањата од МИК кој што беше во стечајна постапка. Постапката е завршена. Од распределбата на стечајниот имот се поделени движни ствари фактички и така е намирено побарувањето по основ на стечајната постапка. Поради тоа на Комисијата го разгледавме, секако оде тоа со јавна продажба , мора така да се постапе, ради тоа што таков е Законот и начинот на продажба на тие средства што се земени по стечајното побарување на Комуналец од МИК. Нешто друго ако можам да образложам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има некој друг за збор.

Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот и истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

8. Предлог-Одлука за примање донација (рамки за реклами) од Друштво за производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор.

Бидејќи никој не бара збор, го затворам претресот и истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

9. Предлог-Одлука за примање донација (градежни работи за изградба на нов парк – Киро Крстев) од Друштво за производство, трговија и услуги „Кожувчанка„ ДОО узво-извоз Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за збор.

Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за давање Одобрение за користење на името на Општина Кавадарци во називот на Здружението за унапредување

на туризмот и заштита на животната средина ГРИН ПЛАНЕТ КАВАДАРЦИ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор.

Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

11. Предлог-Правилник за начинот и условите за користење, сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Почитувани присутни. Го поздравувам Правилникот . Сметам дека е во ред како што го прочитав . Посебно ме интересира член 2, точка 6. Дали доследно се почитува и кои се казнените одредби, доколку не се почитува овој член и оваа точка. Затоа што имаме забелешки дека најчесто прекршоците се во овој дел.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Почитувани советници, Почитуван Претседдател на Совет. Со оглед на потребите на Општина Кавадарци и дејностите кои што ги обавуваат службениците. Ние од пред некој извесен период имаме формирано повеќе служби, тоа е службата Мој Општинар, тоа е инспекторската служба во делот на сообраќајот и комуналната дејност, комунални инспектори и претежно возилата каде имаме дежурства, а имаме секојдневно дежурства во делот на распределувањето на овие служби, кои што ги споменав пред малку, пошто имаме чести пријави во Кол Центарот на 13-300, а и да немат пријави, имаат обврска во делот на дежурства, најмалку 2-3 часа да излезат на терен и да свртат во делот на нивните реони да ги согледаат доколку има проблеми, во делот на нарушување во тоа што значи дејност во Општина Кавадарци, обично ги гледаат уличните осветлувања, злоупотреба со пуштање на вода, сега поготово зимниот период во делот на загадувањето и некои индивидуалци кои што користат несоодветен материјал за загревање и инспекциските служби кои што работат во делот на контроли на таксисти, контроли на јавни површини и паркирања на зеленило, во тој случај мислам дека имаме дадено одобрение да ги користат возилата со таа намена . Имавме случај во Општина Кавадарци кај што имаше злоупотреба на користење на службено возило. Од моја страна како Градоначалник беше покрената соодветна постапка. Имаше кривична постапка за таа работа и има

исход со условна осуда на службеното лице. Така да секое неправилно користење на возилата, досега гледаме да го пратиме и да биде санкционирано, а плус може да укажам дека сите возила кои што ги имаме имаат GPS уреди. Така да проверлива работа и во текот на работното време и надвор од работното време дали се користат вон оние насоки кои што се дадени во делот на нивните ингеренции. И брендирани се возилата, така да секој граѓанин, еве нека биде и повик секој еден кој што ќе согледа дека неправилно се користат возилата или било што, ај пак ќе кажам интерна служба и ќе го санкционираме соодветно на тоа што ќе го направе како недоследност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали бара друг збор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот по оваа точка и истата ја ставам на гласање.

Кој е за. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Претседателот на Мандатна Комисија.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: На Комисијата за Мандатни праљшања беше донесена одлука ова лице да биде Заменик Градоначалник д-р Тони Нешковски.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи во делот, пошто доаѓам од приватниот сектор и често пати се споудараме помеѓу Општината и моја компанија или семејни релации или родбински релации со луѓе кај што треба да имам заменик во тој дел, во делот на потпишувањето на конфликт на интереси . Тоа беше и претходно така . Имам една мандатна логика доколку е донесен да биде Тони Нешковски јас предлагам за да бидеме уште потранспарентни во тој дел и во лична моја заштита и нормално објективност на населението и сите работи можеме да додадиме и уште еден член, доколку дозволуваат правата и условите за.. интереси да бидат двајца со потпис, да не биде само на една страна. Јас би предложил. Значи минимално еден член, али можат да бидат двајца со заменичка функција или па со врзан потпис. Ова е дополнително кое што би сакал да биде потранспарентно и пообјективно. Често се јавува конфликт на интереси, се јавува мои луѓе на семејство, од роднинска врска да прават купопродажба на имот, договори или било што, јас значи еден

член задолжително доколку мислите дека има потреба еве Вуко како координатор ако сакате нека биде уште едне член од ваша страна, па нека биде и со врзан потпис и во делот на двајца членови и пак си оде транспарентно на совет цело време.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот на Градоначалникот го ставам на гласање. Дали има некој збор околу тоа, објаснување.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ние имавме пред малку координација, јас сум првпат запознаен со овој предлог. Мислам дека ако веќе се оди со таков предлог, треба да повикаме пауза, да седниме, да го дефинираме, како би изгледало, дали да биде еден член, дали да бидат два члена, семо да знаеме што точно се предлага и да излезиме конкретно дефиниран предлог. Јас барам пауза од 10-15 минути со цел да може да се дефинира.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Го слушнав предлогот на Градоначалникот и доколку ова се прифати од страна на советниците еве ќе кажам да се викне пауза, после таа пауза треба да има Мандатна Комисија кадешто нели тој друг член од Советот доколку се договориме треба да биде поминат на Мандатна Комисија, после тоа тука на на Совет сите да донесиме одлука .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи предлогот е да бидат двајца, по законот вика минимално еден, а да бидат со врзан потпис во делот на донесувањето на одлуката и после нормално да биде пак на совет и потранспарентно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи пауза од 5-10 минути.

Почитувани советници продолжуваме значи со точката 12.

12.Предлог-Одлука за избор на член на Совет на Општина Кавадарци кој ќе учествува во процесот на одлучување за прашања на конфликт на интереси на Градоначалникот на Општина Кавадарци;

По паузата од 5 минути заседаваше Мандатната Комисија. Повели Претседателе Петар Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: На Мандатната Комисија во врска со предлогот кој што беше доставен, беше едногласно усвоено да втор советник со врзан потпис да биде советникот Јован Златевски, кој ќе учествува во одлучувањето кај што има конфликт на интереси на Градоначалник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлог-Одлуката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

13. Предлог-Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз заучениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Точка на дневен ред е бесплатно користење на лизгалиште на мраз заучениците од основните и средните училишта и ова е во ред . Се бараат 600 000 денари првично како трансфер на јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Јасмин, за покривање на трошоци за електрична енергија. Тоа е првичното барање, а потоа со Амандман се прави промена во кој не се дефинира за што ќе се користат тие средства. Тоа е едната работа, втората работа е во делот на комерцијалното користење, односно комерцијалната употреба бидејќи тука е регулиран делот само до 16 00 часот кој што се однесува на бесплатно лизгање на деца од средно и основно училиште. Во рамки на Комисијата за спорт и во рамки на Комисијата за финансии побаравме да ни биде доставен соодветен документ со кој што се регулира делот на комерцијалното користење на лизгалиштето. Ние немаме увид врз основа на ова дали лизгалиштето е во сопственост на спортската сала или е на одреден приватен сопственик. Ако е во однос на спортската сала тогаш спортската сала стопанисува и наплаќа во делот на комерцијалното користење на лизгалиштето, ако е на приватен стопанственик како се регулирани договорните односи, значи треба да постое соодветен документ договор помеѓу спортската сала Јасмин и приватниот стопанственик како се регулирани односите помеѓу двата субјекти. Го побаравме тоа и не ни беше дадено ништо во однос на тој дел, иначе идејата за лизгалиште е добра, мислам корисно е да деца од средно и основно училиште го користат ова на дел од своите часови по физичко и здраствено образование да ги минуваат на ова лизгалиште како еден нов спорт, како една новина во таа работа во Општина Кавадарци меѓутоа спорен е делот во однос на комерцијалното користење.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани 3 години по ред го користиме лизгалиштето. Лизгалиштето е во приватна сопственост и поставувањето, трошковите, одржувањето на лизгалиштето и целокупните трошкови материјални од делот на вработен па до делот на соодветен инструктор, одржување, материјалните трошкови си ги плаќа приватен инвеститор и врз основа на комерцијалното работење после 16 часот делумно ги покрива и тие трошкови лизгалиштето како такво од мои информации е тешко рентабилно и тешко профитабилно али благодетот како што спомна и Вуко е во

делот на тоа што до 16 часот во делот на образовниот систем го користат бесплатно, се едуцираат во делот на лизгањето. Јас денеска имам два предлога. Едниот предлог е доколку оде на истиот начин јавниот, односно приватниот партнер да си направе договор со Спортската сала Јасмин како јавен објект дека од 16 часот па до 23 го користи за делот на комерцијалниот дел или во спротива имаме година каде ми се чини само 10 дена го користевме лигралиштето, пошто температурите беа нелагодни односно беа високи за користење на лизгалиштето. Вториот предлог доколку го прифаќате, а мислам дека ќе се согласе и приватниот партнер со кој што сме во комуникација за таа работа. Можеме да го дадиме донација на Општина Кавадарци лизгалиштето и целокупната обврска да си ја преземе Општина Кавадарци заедно со Спортскиот Центар Јасмин да биде и во сопственост лизгалиштето со цела донација и комерцијалниот дел да го работе Спортската Сала Јасмин. Отварам дискусија по овој однос, па еве го и Ристо Сакалиев како дел од таа спортската сала. Како ќе се произнесите така можеме да го завршиме.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Бидејќи лизгалиштето спомна и Градоначалникот функционира наназад 3 години, дали во претходните 3 години имало соодветен договор со кој што се регулираат односите, дали тој договор се склучува на годишно ниво секоја година која или се склучува еден договор, па се додека страните не одлучат да го раскинат и како биле до сега регулирани односите, бидејќи многу малце информации имаме во однос на оваа работа. Во делот на ако може да се издејствува да лизгалиштето како донација, со согласност секако на приватниот партнер да дојде во сопственост на ЈП Јасмин. Ние секако ќе ја подржиме, бидејќи тоа сметам дека секоја донација, секој кој што сака да донира е добра работа и ќе ја подржиме и мислам дека тоа лизгалиште треба и понатаму да продолжи да функционира. И во делот на инструкторите ми се чине дека зборував со одредени професори по физичко и здраствено образование коишто се жалеа дека нема постојано кога во однос на распоредот нема постојано присутен инструктор и се дешаваат повреди на деца, со исчашување на некој дел од зглобови, скршеници и слично. Мислам дека и тоа го добив како забелешка во однос на комуникација со нив. Значи ние како советничка група би го подржале доколку има волја од страна на приватниот сектор да се даде како донација и да продолжи ова ЈП Јасмин да стопанисува со лизгалиштето.

ГРАДОНАЧАЛНИК:Значи на годишно ниво се склучуваат договорите, односно сезонски, тоа е некаде од месец, после 15 декември до крај на февруари, во зависност од зимската сезона која што ја имаме и од температурите кои што ги поседуваат. Лизгалиштето температури над 4, 5 степени дневно не функционира . Обично функционира или во раните утрински часови или функционира кога е температурата под нула. Така да тие годишни договори претходно ги имаат и цената на утврдување на плаќање беше оставена на приватниот партнер врз основа на тоа како трошок кој што го има направено. Ја предлагам да се произнесе од спортската сала еве Ристе ако може. Доколку има расположение и услови да го одржаваат и да функционира, донацијата ќе биде остварена, ќе се склучи договор за донација, вредноста на лизгалиштето е околу 18 000 евра, така да не е само да се даде донација, јас би сакал да тоа лизгалиште наредните 4 години додека сме тука да функционира, односно да ЈП Јасмин со зимањето на донацијата и биде во задолжение да го пуште во работа, нормално со ваш кадар и сите работи.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, медиуми и граѓани. Оваа работа ја дискутиравме и 3, 4 години кога требаше да се работи. Оваа работа е со загуба. Дојдовме до решение дека треба да амортизира Општината со надокнада да плаќа струја, а бенефит добиваат учениците од средните школи, што бесплатно се учат да лизгаат. Ризична работа, значи треба инструктори. Јас сум размислувал на оваа тема многу пати, дали треба Јасмин да го има ова или не, ради тоа што Јасмин секогаш работи со спортски клубови и издава простор, клубовите сносат одговорност према членовите, а рекреативците што работат лизгање до сега не сме давале, давала некоја приватна фирма што водела грижа и што е устручена и има кадар, не сме си земале таков ризик оваа ризична работа да ја работиме и сега на свршен чин денеска да носам одлука у име на Јасмин јас не можам. Молбата од моја страна ќе биде оваа година приватниот сопственик да го замолиме, атер за учениците да го доработи ова. Грешка е формулирано, требало во Буџет да стават донација по основ на како што ги добиваме другите пари, по основ на бенифицирани цени на клубови, а клубови се и клубот за тенис и клубот за лизгање и до душа таков клуб нема регистрирано. За наредна година ако овој интерес биде треба да прифатиме, мора да биде регистриран клуб за таа работа, да бидеме покриени, да не одиме денеска точка, утре одлука и третиот ден па растурање, па враќање назад, да не ги коплицираме работите. Ако вие стручно

работеле досега, немале инциденти или ги сносиле последиците од инцидентите, да ги замолиме оваа година да тераат така, да не ги прекиниме учениците и Јасмин како сала добива толку пари колку што струја троши. Ние просторот го издаваме по тој основ земаме пари. Друго решение нема да најдеме брзо. После завршувањето на сезоната нас ни треба време да видиме што можеме за наредна година да напрајме. Донација е добредојдена, али работата треба да продолжи со ефект, треба да се провериме, да видиме и да дадиме идеја ако има интерес од таа работа, лизгалиште да се прави, како што направивме пливачки клубови, секогаш сум инсистирал, како што имаме кик бокс клубови, значи сите дисциплини кои што се пријавиле дали интерес да работат, ние сме им помогнале да регистрираме клуб и некој мал дел од пари даваме на клубот и ако таквиот клуб е нов и ако треба да го субвенционираме, ако е загубар ние од буџетот да оделиме пари, ама тоа за наредната година, оваа година немаме време, за 5 дена треба ако биде времето такво чинарот треба да го уклучиш, троши енергија, значи сум мерел дека за еден месец ако се температурите вакви трошиш 10 000 евра струја, нема мраз, треба да чекаме и од природата малку. Не можам да одлучам сам заеднички да се договориме, да не правиме политички поени преку оваа работа, треба да биде, не треба да биде, онаа ставка кај што стојат парите за лизгалиште е правно неиздржано правниците да кажат на мене ми дават парите како субвенција за клубовите, место да биде субвенција 800 000, 1 000 000 нека биде 1 500 000, правно да е издржано и да истераме така. Дајте и ваше мислење. Не можам овој товар сам да го носам, ниту може Градоначалникот, ниту било кој. Ако едно дете скрши рака, а јас сум земал обврска со нестручни луѓе, со чистачка од 50 години, што пола ни се , ја не гледам, другиот не оди, третиот тахикардија, немам таков кадар, треба да запослиме стручни лица. Оваа година да најдеме заедничко решение, да не добиваме политички поени да оди или да не оди. Во таа насока некаде да најдеме заедничко решение и да бидеме едногласни.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Ако може вака да го заклучам предлогот. Значи кај што се месте лизгалиштето, тоа веќе е издаден простор на Црна Река Тениски клуб така. И Црна Река Тениски клуб си плаќа надомест за издавање на тој простор. Не е ставен значи без надомест. Лизгалиштето се месте од времен карактер месец дена, 20 дена, 40 дена зависи од временските услови. Овие 6000 денара како субвенции за струја, не значи дека ќе ги потроше Спортската Сала Јасмин. Доколку не се наместе лизгалиштето и нема услови временски, нема да ги потроше, али повеќе од тоа не смее да потроше

за електрична енергија. Мојот предлог е ваков, пошто лизгалиштето е делумно сопственост на Црна Река клубот и делумна сопственост на Кожувчанка како две компании кои што го купија од Битола 23 000 евра хуманитарен дел кој што и малтене многу минимално постое, а голем благодет е во делот на децата и нивната социјализација во делот на лизгање и култура пак ќе кажам оваа година да биде по пракса како претходната година со заклучок тоа дека наредната година Спортскиот Центар Јасмин да го задолжиме во план и програма да си го ставите и лизгалиштето преку Сојуз на училишни спортови. Ние лизгалиштето како две компании ќе го дадиме донација у јануари или на другиот совет независно, ќе си го примите донација како лизгалиште, а Сојузот на училишни спортови, пошто се најкомпетентни во делот на едукацијата и спортисти имаат обврска да го менаџират, да го поставaт и да функционира заедно со Спортската сала Јасмин и да си биде трајна сопственост на Општина Кавадарци односно на Спортскиот Центар Јасмин.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи предлогот како што беше објаснет од Градоначалникот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака. Програмата. Со Заклучокот заедно. Едногласно усвоен.

14. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали има некој за. Бидејќи никој не бара збор одиме со гласање. 18 за и 1 воздржан.

15. Програма изменување и дополнување на Програмата за работа на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Отварам претрес по наведената точка. Дали има некој за збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитуван Претседател, почитуван Градоначалник. ЈП за јавни паркиралишта Паркинг Кавадарци беше на дневен ред и минатата седница кога го разгледувавме Кварталниот Извештај за работењето во првите 9 месеци од годината. Сега имаме на дневен ред Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа за 2021 година. ЈП за јавни паркиралишта Паркинг Кавадарци предлага со оваа програма промени и тоа во делот на приходи, значи приходите според планот не се остварени и се намалуваат за износ од околу 3 000 000 денари. Исто така има промени и во делот на трошоци.

Трошоците се зголемуваат за износ околу 130 и нешто илјади денари . Пред состанокот разговарав со претставниците од јавното претпријатие и видовме дека има една техничка грешка во овој дел во износот на трошоците што биле планирани според планот за 2021 година. Ќе се потрудат уште еднаш веројатно и ќе го корегират тоа, но промената не е само во приходите и во трошоците, промена има и во финанскиот резултат. ЈП според планот требаше да заврши со добивка од околу 200 000 денари, но ќе заврши со загуба од 1 500 000 денари. Приходите кажав дека се намалуваат за 3 000 000 денари, но загубата е само 1 500 000 денари, затоа што со оваа програма ЈП бара и дополнителни субвенции и дотации од Локалната Самоуправа на Општина Кавадарци. Значи дополнувањето на оваа Програма се токму во тој дел дополнителни 1 400 000 денари, ЈП ги бара од Локалната Самоуправа за да може нормално да ја заврши годината, значи има потреба од средства за да ги покријат трошоците до крајот на годината, на тековната година.Во барањето ЈП има образложено зошто бара дополнителни субвенции, дотации, значи за да ги покрие дел од трошоците, поради тоа што врши услуги, паркинг услуги, услуги со пајак, на државни институции, на судски, полициски органи, исто така и станари користат услуги со субвенционирани цени, повластени цени. Исто така е посочено дека јавното претпријатие врши и бесплатни услуги на некои институции и тука ќе посочам дека ЈП треба да се потруди, а исто така и ние како Совет да помогнеме во тој дел . Значи државните институции треба да си плаќаат за услугите што ги користат од ЈП заради тоа што ЈП нема финансиска кондиција да врши бесплатни услуги или услуги по повластени цени. Секоја државна институција си има свој буџет, си планира средства и мора да си плаќа и за овие услуги ако сакаме ова ЈП да застане на здрави нозе, да има сигурни приходи во наредниот период за да може да си ги покрива своите трошоцфи и да не биде во ситуација да доаѓа на крајот на годината и да бара дополнителни субвенции дотации од Локалната Самоуправа.Минатата седница ние имавме и ребаланс на буџетот, значи Буџетот на Општина Кавадарци го намаливме за 18%. Тоа значи дека 18% од програмите кои беа планирани, ги тргнавме настрана, ѓи одложивме дали за наредната година или за некоја од наредната година. Значи во сиуација кога 18% од планираните програми ги тргнавме настрана треба сега да обезбедиме дополнителни субвенции за ЈП Паркинг. И тоа е пак исто проблем за Локалната Самоуправа што треба да донесе ваква одлука, а одлуката е неизбежна со оглед на финансиските показатели на ова ЈП и ова ЈП да може да работи во иднина. Инаку морам да посочам

дека ова ЈП веќе е потпомогнато од Локалната Самоуправа уште во старт со планот се обезбедени 2 000 000 денари од Локалната Самоуправа за помош за да може да ја издржи годината, да ги заврши сите планирани обврски .И покрај тие 2 000 000 денари од Локалната Самоуправа има и дополнителни милион денари субвенции од комунална такса, што се како дополнителна подршка и еднократна подршка, државна за ковид, околу 600 000 денари. Така што има некако посебен третман, ова ЈП во однос на другите институции. Значи сите институции имат некаков проблем посебно во криза, во пандемија сега кога сме и ние мораме да бидеме поправедни и да имаме подеднаков пристап кон сите институции. Нас ни е јасно посебно мене со оглед на овие економски бројки, овие финансиски анализи дека ние треба да го помогнеме ЈП за да може да продолжи да работи, но секако како Совет мораме да имаме предвид и другите институции, да водиме сметка како ги трошиме средствата на општинскиот буџет. Затоа предлагам значи за наредната година ЈП да си направи реален план, значи врз база на овие бројки што ги имат остварено оваа година, врз база на реални очекувања донесовме предлог и одлука за проширување на паркинг зоните, значи веројатно и од тука се очекува дополнителни приходи, да се потрудат со државните институции повторно дасе разговара и секаде каде што може да се направи напори да се наплаќа за тие услуги, исто така и да се побара од државните институции кога користат посебно за паркинг услуги да не ги користат атрактивните зони, државните институции да бидат малку поопштествено одговорни, минимално да се користи тој простор или да паркираат во некои места кои не се така атрактивни за да не прават штета на ЈП, тие паркинг услуги да ги користат граѓаните и да си плаќат за тие услуги. Значи за наредната година мораме да имаме во предвид сето ова што се случуваше оваа година, да ги земеме во предвид сите очекувања, така кога ќе го добиеме планот за 2022 година повторно ќе го разгледаме и се со цел да стварно ова ЈП да си застане на здрави нозе што е во интерес и на раководството на ЈП и на вработените, да си зимаат редовна плата и да не бидат во неизвесност дали ќе ги остварат минималните приходи што им се потребни за да можат успешно понатаму да работат. Тоа е мое видување во врска со оваа Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа за 2021 година.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани. На втората седница што ја имавме јас предложив да се формира работна група и да се рагледа точно како е

работењето на Јавни Паркинзи, меѓутоа иако не беше формирана таа работна група имав контакт неколку со раководителот Орце Настов, ги разгледвме некои работи и сега ми се и мене појасни меѓутоа ќе инсистирам да се формира таа работна група што поскоро и мој предлог е во таа работна група да биде составена од претставници и од политичките партии по еден претставник и од независните советници и заедно со таа работна група да се изготве планот за работењето во 2022 година. Гледам дека се водат напори, правена е анализа, контактиравме со раководителоот Орце и навистина треба да се обрне внимание јас колку што приметив нема Одлука од Совет за да не се наплаќа на колите што ги паркираат јавните претпријатија или некои што се државни, во државна сопственост, нема, штом нема треба да си плаќат, треба да се известат со едно писмо сега пред Нова година и да се знае они во која зона ќе си платат однапред ќе си платат за цела година, во спротивно за тоа имаме пајак служба и не треба да ни биде срам, а посебно ќе ми биде ќеиф ако ја видам на пајак службата некоја кола од УЈП. За жал така е. Тоа сакам да го кажам. Ќе ве замолам работната група да се состави што поскоро.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Пред нас е изменување и дополнување на Програмата за работа и вели вака:

Се врши изменување и дополнување кое се однесува во делот на приходната страна на Билансот на успех во делот на дотации субвенции добиени од страна на Општина Кавадарци со цел покривање на дел од трошоци што ЈП Паркинг реално ги има заради целите на своето постоење, односно пружење на субвенционирање и повластени паркинг услуги на граѓани, станари и неминовна работа на пајак служба заради пружење и субвенционирање и бесплатни услуги за сите државни, судски и полициски органи. И се наведува дека овие два сегменти од работењето на ова ЈП Паркинзи се суштина главната причина заради намалување на делот на приходите и заради тоа се бара одредена помош од Општина Кавадарци . Делот на приходите е намален од 23 732 684 на 22 132 732 денари. Е сега по првичната Програма е наведено овака од вкупниот број на паркинг места предвидено беше дека околу 46% или 460 паркинг места ќе се користат од страна на станари на колективни или индивидуални станбени згради, кои немаат паркинг места, гаражи или слободен пристап, дворни површини и со тоа повластени услови за годишна дозвола за паркирање. Значи едниот сегмент кој што е наведен дека е причина за намалување на приходите бил познат и бил вметнат во Планот и Програмата за работа уште во периодот на минатата година кога се креирала самата програма. Исто така во

делот на државни, судски и полициски органи, ми се чине дека и во тој дел има донесено и претходно одлука и го имале во предвид и тој момент од ЈП Паркинзи во периодот кога ја планирале програмата. Е сега друга работа бидејќи состојбата со ЈП, ЈП да немаме дилема е неопходна за регулирање на сообраќајниот метеж посебно во тој дел во градското подрачје и меѓутоа состојбата во која што истото се наоѓа и загубите коишто ги бележи од година во година го прават истото неодрживо на некој среден рок. Јас малце истражував по однос на другите јавни претпријатија за паркирање во други градови во Македонија и на пример за ЈП Паркинг Куманово дојдов до кои надлежности ги има ЈП Паркинг во Куманово, решавање на проблеми со паркирање, изградба на нови паркинг места, тековно одржување на јавното осветлување, сервисирање и редовна замена на светлечки тела, инсталации, контрола на потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување, изградба на мрежа на јавно осветлување во делови од општината каде што нема. Значи мојот предлог е, добар е предлогот на советникот Јован Златевски да се формира такво тело и во тоа работно тело да ги дадеме сите предлози кои што ги имаме ние како советничка група, па и да викниме лица од ЈП Паркинзи. Мојот предлог е ако веќе е лоша состојбата со ЈП Паркинзи да се зголеми обемот на работа и тие финансиски средства кои што Општина Кавадарци моментално ми се чини ги дава на приватна фирма за одржување на јавното осветлување да ги дава како дотација на ЈП Паркинг, а ЈП Паркинг да го зголеми обемот на работа и во делот и на јавното осветлување со цел да направиме некаква си одржливост финансиска на среден и долг рок на ЈП Паркинзи бидејќи на овој начин на кој што е поставено мислам дека е на еден среден и долг рок неодржливо и се надевам дека овој предлог ќе биде подржан и од страна на Градоначалникот и од страна на сите советници.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани долго време разговараме за ЈП и скоро секој Совет имаме по некоја точка, дополнување, иземање и сите работи. Јас не ја прочитав Програмата претходно, а сега еве по вашите појаснувања и гледања во делот на недоследностите или каде ЈП ги губе средствата би укажал на неколку работи и комплетно се согласувам со сите вас советници дека треба ЈП за паркирање да биде во добра кондиција и да функционира така како што треба. Ај да почниме пред 2 години кога го формиравме претпријатието, која беше целта, каква беше целта и како дојдиме до заклучок да го формираме. Ние формиравме едно претпријатие јавно кое што е не само во интерес на граѓаните. Претходната одлука беше да биде

приватно и јавно партнерство, со цени двојно повисоки од сегашните цени кои што ги имаме и физибилити студијата на партнерот кој што ја имаше требаше да биде зона А 40 или 50 денара,зона Б 30, зона Ц 20 или 30, негде беа двојно повисоки и од овие сегашните цени, меѓутоа за да биде во интерес на граѓаните направивме да биде ЈП, чисто ЈП под наша ингеренција и надлежност итн, успеавме да бидеме најрационални, можам уште еднаш да се заблагодарам на екс градоначалникот Шилегов, на град Скопје и на советниците тогашни, добивме пајак служба возило донација од град Скопје донација, кое што кошта над 100 000 евра, не го инвестиравме, Паркинзи доби простории во делот на Општина Кавадарци и уредени простории, направени да функционираат, одбележани паркинг места во А,Б,Ц зона и депо или плато кадешто треба да ги складираат подигнатите возила и возилата односно да издава гаражи или потреби за делот на граѓанството, во делот на земјоделието. Дека треба да се шире обемот на работа на ЈП јас да, се согласувам треба да се шире пошто директорот еве го е тука и вака ми стое доста амбициозен и храбар во одлуките, јас почитувам такви личности и сакам да спроведиме до крај. Од денеска директорот се задолжува да доколку увидел дека има пропусти во државни институции, на полицијата, на УЈП, на судството да си работиш по план, по програма и доколку јас увидам или ти направам ревизија дека пак толерираш ќе сносиш санкции, значи ќе си тераш како што тера и полицаецот на улицата за сите исто. Значи не треба никој да биде повластен во таа работа, се согласувам, јас лично за моето возило си плаќам годишно 12 000 денара и го паркирам во сите зони и верувам дека секоједен од вас треба да го направе тоа и да функционира така. Значи директоре да ги избришиш тие такви повластени сите и да ги известиш сите дека во рок од една недела постапуваш за сите еднакво без разлика на која институција е возилото, дали е на Обвинителство, дали е на УЈП, дали е на судство, апсолутно за било која институција, единствено што не смеиш мислам дека не смеиш да дигниш полициско возило означено, пожарна и амбуланта, друго се, не УЈП ако сака нека пише и Дирекција за големи даночни обврзници што вика Јован. Работи си по пс. Ако издржиш 3 месеци ќе бидиш одличен директор. Второ во делот на пајакот е сега пак зависиме од полицијата, доколку нема кординација со полициската станица и со ОВР Кавадарци за да функционира пајакот од тој момент вие пајакот не може да го користите. Денеска има една слика, многу интересна, само да ја отворам на Реално Кавадарци има една кола паркирана на тротоар каде што деца и луѓе не можат да движат, портокалова боја со

неготински таблици, винска. Значи ќе си почниме од нас, да си паркираме како што треба, да си паркираме соодветно и да не санкционираат соодветно. Во делот на зголемувањето на обемот на работењето на дејноста во уличното осветлување ние некаде мислам дека трошиме 1 500 000 денари за одржување на уличниот систем. Така ако не се лажам мислам дека е тука сумата. Ако направите економска анализа во тој дел јас ја прифаќам како надлежност да му ја пренесиме на ЈП за паркирање, ама тоа ќе значи дека треба да вработат соодветен електричар, треба да купат возило дигалка за да може да функционират, да го одржават тоа возило, да мењат светилки, вијте дали во тиа 1 500 000 денара ние би се вклопиле економски или тоа е некаде 120, 130 000 денара месечно. Сами знаете на дефицит на електричар, на мајстор, на таков кадар колку е тешко и одржувањето на таа работа, али ако се согласите ја би ја дал надлежноста со единствено барање дека ќе барам за рок од 24 часа светилката да биде сменета како што е и сега, по пријава. Таа група работна која што ја бара и советникот Јован, значи ако вака само се замолуваме да ја направиме нема да ја направиме. Дај да седниме да ја направиме таа работна група. Еве да предложиме после Совет седните, седните независно направите една група 5 члена заедно со директорот и ова што го зборуваме денеска интензирајте го цело, никој не е во повластена ситуација од моја страна, само јас сум мислел да изменаџирам нешто што можеме да функционираме како општество. Функционирањето наше е такво како што е. Сите ургенции кои што дошле на моја врата се решени на еден единствен начин, на мојот возач оди плати ја канџата и нека му ја извадат во меѓувреме, а нема што да го замарам и мојот пријател ако сакам да му учинам. Така ги решавам, така одат, фискалните се кај мене, си ги чувам така да немам потреба никого да штитам, ниту да правам било што, али пак ќе повторам мислам дека треба како јавни институции државни да имаме некои меѓусебни соработки во делот на интерес на општеството. Се случуваат собраќајни незгоди каде што треба да се расчисте патот побрзо, да се пуште патот во функција, се случува да судството понекогаш има одземени предмети, автомобили, трактори, коли каде што треба да му учиниме на таа работа, они буџети за тоа немат, а треба да се изврше. Мислам дека таа соработка едни со други треба да ја имаме, може со одлуки да го направите тоа со Управен, со Надзорен и сега политички можеби непопуларно, ама за народот е ок, дали еве пошто имаме желби, има доста економисти, имаме доста писмени луѓе во делот на сите сфери во Советот дали се согласувате нека биде точката за разгледување Управен и Надзорен

Одбор на ЈП Комуналец, колку кошта Управен годишно директоре . Значи околу 900 000 денара годишно кошта Управен и Надзорен во ЈП за паркирање да најдиме луѓе соодветни, дали се на ваков, таков начин, кои што тоа без надомест ќе го работат, автоматизам ние веќе 50% ќе ја направиме загубата да не биде. У претпријатие кај што има 1 500 000 денари загуба, а плаќаме и Управен надзор по 5000, по 6000 од човек мислам дека не е во ред. Да ги укиниме паушалите за Управен и за Надзорен, да си го спроведиш тоа сето што си го видел, претпријатието си е во добивка.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВ: Знаејќи дека нашата партија идеолошки гледа против комерцијализација на паркинг просторот, јавниот паркин простор, а драго ми е што беше спомнато Управниот и Надзорниот Одбор на тоа претпријатие и работната група која што Јован Златевски ја предложи. Е сега постоењето на таа работна група би била скроз непотребно кога Управен и Надзорен Одбор на тоа претпријатие би биле стручни лица кои што знаат што прават и што работат и да дават насоки на самото претпријатие, а вака ние само ќе ја бирократизираме и ќе ја авторизираме таа дејност на тоа претпријатие, сега ние да се договориме нешто, па на Управниот Одбор да му пренесиме. Управниот Одбор иако ако веќе не е стручен, нема да може тоа да му даде насоки на јавното претпријатие. И уште една ствар за во однос на претходниот совет директорот т.е. да директорот се изјасни дека има огромни расходи во однос на плати и надомстоци, па прашањето ми е дали се планира замена на одредени човечки ресурси дали со пристапни рампи во однос на некои паркиралишта кои што се од затворен карактер како што пред станбените единици, на таков начин верувам дека ем ќе се намалат човечките ресурси кои што и самиот директор кажа дека се луѓето изложени на екстремни услови, на напади од граѓаните, едно, друго, а од друга страна и да се намалат трошоците кои што ги имат корисниците на тие паркинг места пред станбените единици кои што би имале посебни чипови и би ги искористиле за да влезат во самиот паркинг простор.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги советници вака сега. Мое видување и една моја насока према ова работа, ова работа јавна работа е, јавно паркирање, ние сега сакаме да имаме Управен Одбор и Надзорен Одбор и има тоа претпријатие и статут и работи по статут и програма. Советот дозволува пари, ние се договоривме уште пред време дека тоа ќе биде загубар и треба да даваме субвенции од буџетот. Сакаш да имаш ред во градот и сакаш да биде профитабилно. Ако сакаш да биде профитабилно, тоа беше приватно,

остави го приватно, имаше по основ на тој кој што стопанисува да влеват пари во Општина и ќе имавме пари, ние се одлучивме по насока на Градоначалникот, што и за мене е прифатливо, прифативме насока на Градоначалникот и направивме промени, инцидентно го решивме проблемот така како што сакаше Градоначалникот, како што тогаш не лажеше Градоначалникот и лагата ја прифативме. И сега викаме тоа било недоволно. Ние дадовме идеја, Градоначалник не испоштува да прифатиме ова претпријатие да работи со загуба, да го субвенционираме, како Совет да дадиме насока на Управен и Надзорен Одбор и да го вратиме чекор напред, не може да се надеваме дека од претпријатието данок на добивка ќе има, нема да има, не се многу пари 5-6 000 000 од Буџет да ги даваме на претпријатие кај што секој што доаѓа во градот вика Кавадарци е добро. Уреду паркинг. Нормална работа е да од буџетот одат пари за образование, во Комуналец одат, у Јасмин одат, у култура одат, во Вински Музеј и во паркинг да одат, ние сега како сакаме да е јавно претпријатие, да има бенефит граѓанинот, да имаме и лизгање и пари да имаме, не биват тие две работи. Нека си биде со загуба, не се многу пари 4, 5 000 000 ги даваме, ниту пак ќе не помогнат тие пари ако Управен Одбор нема, тие се мали пари . Колеги една работа, ова е јавна работа, јавен интерес, ние трошиме јавни пари, буџетот се полни и ги даваме на народот, им даваме плата на Паркинг, да се тргне од тоа дека Паркинг може да биде 100% профитабилен, ќе биде во некоја мера профитабилен, ако има загуба од 6 000 000, ќе имало 4 000 000 стигнал до 2 и чекор по чекор да го решаваме не можеме уште на првата седница во почеток на мандат ние се да решиме. Колега те почитувам, после некое време ќе видиме дека мора така, ниту една инцијатива што била дадена од Градоначалникот не е контра изработена, се е со убедување, се е со подршка и сега уште на првиот состанок ваква група, таква група, тоа не е во Статутот, не дава законот да правиш група, ние како советници ако не успееме да дадиме насока на Управен и Надзорен Одбор или некоја наша идеја се спроведе во Паркинг, нема да има ефект. Мораме да ја прифатиме реалноста, реалноста е таа, сакаш убав град, сакаш привилегија, а не сакаш пари да даваш, а сакаш пари да печалиш, не се печалат средства таму се трошат пари. Да ја подржиме програмата, никој не спомнал дека Паркинзи или Јасмин не работело 4 месеци додека било ковид, дека буџетот граѓаните даваат пари и ги вртиме парите, од народот за народот. Мора да ја прифатиме ситуацијата. Програмата да им ја усвоиме, да им дадеме

пари ако им требаат и да не даде Господ и наредна година да треба да им даваме уште повеќе али некои работи излегуваат несакајќи.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас пак би го ставил предлогот на разгледување за Управен и Надзорен Одбор да бидат професионални, а да бидат бесплатни. Мислам дека има соодветно кадар и од Општината и од советниците и опкружувањето, да бидат бесплатни, тоа се 900 000 денара на годишно ниво. Тоа се големи пари за едно претпријатие кое што прави 10 000 000 бруто обрт и прави 1 500 000 денара загуба. Тоа ми е клучна точка.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВ: Почитуван Градоначалниче, Претседателе на Совет, колеги советници, медиуми, граѓани на Општина Кавадарци значи сакав како и претходен член на Управен Одбор на ЈП Паркинзи да кажам според мене ЈП Паркинзи во делот на штедење односно трошоци мислам дека рационално ги користи сите ресурси максимум ги штеде своите средства. Во делот на приходниот дел сметам за да се заштеди бидејќи околу 74% од приходниот дел или 70% од расходниот дел се бруто платите за да претпријатието дојде во некоја добивка треба да размислуваме како ќе го зголемиме приходниот дел, но не на штета на граѓаните, односно делот кај што би можел да зголемиме во дел каде што би остварувале средства во дел на одредени идеи каде што претходно ги имаме разговарано со Градоначалникот. Така една идеја ни беше е и во изборната програма на Градоначалникот на туристичко вовче кое би се ставило во интерес на граѓаните и на туристите каде што сите би користеле бенефит односно би бил еден иноватит во градот и би се радувале дали и туристите и најмладата популација, но и повозрасните. Исто така размислувавме каде што би можело одредено пак некое државно земјиште би се ставило како не проширување на дејност туку би се ставило на располагање на Паркинзи каде што исто би се помогнало на граѓаните каде што некои имаме сопстевеници на тешки товарни возила, нема каде да ги паркираат своите возила, тоа сме сведоци каде што сеуште гледаме некаде каде има поставено по улици тешки товарни возила, на овој начин ем претпријатието би помогнало на тие луѓе, ем би остварило одреден профит. Такво размислување дали може, знам дека ЈП Паркинзи во Прилеп исто има и царински терминал, дали може и во тој дел да се прошири ЈП Паркинзи, значи тоа би било како идеја за размислување, значи нешто што би остварило профит, но не би било на штета на граѓаните односно би била општа корист и за самите граѓани и за сопствениците и за јавното претпријатие.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сите јавни претпријатија не треба да работат со добивка, туку треба да бидат на праг на рентабилност, дури треба да има и одредена дотација, меѓутоа таа да биде минимална. Нашиот предлог беше, и гледам и колегата од ВМРО ДПМНЕ дава конструктивен предлог во однос на зголемување на надлежностите на самото претпријатие со кои што ќе остварува самото дополнителен приход и така на тој принцип да го направиме јавното претпријатие рентабилно и самостално на еден среден и долг рок. Затоа беше и мојот предлог како пример во останати градови дека функционира во рамките на ЈП Паркинг е дадено и функционира одржувањето на јавното осветлување. Тоа е инвестиција која се прави еднаш, која што може да се користи подолг временски период , а тие парични средства да бидат пренасочени во ЈП Паркинзи.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет, колеги советници, медиуми и граѓани за зголемувањето на делот на надлежностите на ЈП Паркинзи со улично осветлување ќе треба да се направе една добра економска студија колку тоа би коштало реално доколку биде во сопственост односно надлежност на ЈП Паркинзи да не испадне сакајќи да добиеме добивка, да направиме уште поголема загуба. Затоа еве да оставиме простор во наредниот период да се направе економска, финансиска анализа колку ќе биде рентабилно, колку троше Општината за јавното осветлување, а колку ќе ни требат средства за да го формираме тој дел во јавното претпријатие, значи да се набави соодветна опрема, да се вработи соодветни лица, тие лица треба да земат 12 месеци плата, нема да зимаат 3 месеци колку ќе биде и од поправка, значи тие лица треба да бидат во две, во три смени колку што ќе има потреба, така да предлагам ако се зголемуваат надлежностите со овој дел треба да се направи една анализа.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас баш од тие причини сакав да се формира таа работна група. Вака да не се губе време, да си кажуваме и ова и она, и ваков предлог и понаков предлог, затоа сакам таа работа да биде што поскоро да се формира,.. и за тој дел да се завршe и да му се помогне и на Управниот Одбор на ЈП Паркинг во тој дел,..на програмите и разгледувањето на сите предлози и кога ќе дојдиме тука на наредниот состанок да бидеме начисто. Тоа ни беше целта на таа работна група, а не да му ги зимаме ингеренциите на Управен Одбор или Надзорен, не сме ние за тоа.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги единствено што може сега воа е да изгласаме полесен начин и што го практикуваме нели

Општина Кавадарци и претходно правела штом има проблем проблемот се решава со пари. Ако ставиме терет на граѓаните уште по 10% на се што сме донеле како давачка, нема да ги оптеретиме граѓаните, тоа е едно решение што најлесно се дава на почеток на мандат, се дава едно такво решение сега пример ако донесиме една одлука 10% да покачиме паркинг, од 20 денари 22 денари, не е скапо. Ајде одиме со тоа, поскапува струја, поскапува вода и нормално и тоа најлесно ќе биде, ама ќе го прифатиме..

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник реплика.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве имаше конструктивни предлози. Од Левица имаше предлог каде што треба да се размислува за наредната година дена да се поставaт рампи, автоматизирање на паркинзите, со тоа ќе се намале и изложеноста на луѓето што ги имаме и нивната продуктивност, таму каде што се затворени паркинг како катната гаража, утре пазарот, под зоните за домаќинство и другите работи треба да се размислува да се оде со рампи и со автоматика со софтвер да се наплаќа. Време е, затоа што 2 години постое претпијатието, културата е веќе дигната на ниво, луѓето се навикнати, единствено треба тоа да се автоматизира. Во делот на отворените паркинзи таму веќе неминовно е да мора да има контрола и во Америка и во Холандија е секаде така, луѓе контролираат и сета работа. Има уште еден момент, има софтвер нов, кој што треба да го размислувате, а не само да кажувате овој не платил, тој платил, да бидете поконструктивни. Има софтвер со самото движење на луѓето од возило да му сигнализира која кола нема платено и која кола уште колку и е истечено времето што стое таму, така да не мора човек пешки да оде од кола на кола да титка, при движење се регистрира. Еве ви го Ацето, софтверот го има, не е скапа работа, врз основа на таблиците и врз основа на пораките кои што ги добиват за тој софтвер тоа се регистрира, тоа е со видео надзор, со камера. Во тој дел ќе намалите ресурси и изложеност на луѓето да бидат на улицата. Паркирањето сегде во светот постое, у сите градови посоодветни поголеми постое, некаден е до фаза на голема автоматизација стигнато, некаде до фаза на почетност. Ние две години почнаме, успешно го работиме тоа, успешно функционираме и мислам дека ајде да не речам или злоупотребата или тенденцијата кон таа работа е на минимално ниво. Го спомнавте Прилеп, у Прилеп нема никаква контрола на наплатата, уште наплаќаат касиери пола-пола како на патарините што беше пред 15 години. Ова не критикувам него е реалност. Кај нас барем нема допирни точки со пари, тоа сето

оде малку потранспарентно и побјективно. У делот на вработените ние немаме проблем со вработените што се на терен, ние имаме 6 души на терен, ние имаме административни вработени повеќе отколку што треба, треба и тука да се разгледа и да се размисле. Зошто го спомнувам Управниот и Надзорниот Одбор цело време. Не дека имам нешто против некој или било како. Не знам ни која е сумата моментално за Управен и Надзорен Одбор. 6000 денара од човек. 10 луѓе 60 000 денара. И 60 000 денара месечно не е проблем доколку функционира претпријатието како што треба, али да имаме транспарентност и објективност тија Управен Одбор треба е баш овие работи да ги менаџира, затоа што има еднаш месечно состанок, а 6000 денара сепак се некакви стимулативни средства за да можеме да стигниме до некаде, за да може на крајот од денот, работиме јавна работа, работиме во интерес на граѓаните, некој го работе тоа и бесплатно кој има можност, некој се откажал од паушал, се во интерес на претпријатието. Многу е сензитивна точката, кажува г-динот Сакалиев да ги покачиме цените, најлесна работа е тоа. Покачувај ги цените до бескрајност, кога си монопол многу лесно накачуваш цени. Види ја конкуренцијата каде е. Значи каде што е монополско работење не смееме да дозволуваме да размислуваме само за покачување на цени, значи јас не би дозволил покачување на цени во делот на паркирањето, пошто имаме многу други ресурси кои што треба да ги искористиме. Јован што го предлага во делот на работната група, во делот на сите податоци кои што ги имаме од уличното осветлување, извадете ги, зошто толку малку плаќа Општина Кавадарци за улично осветлување. Само заради една работа фирмите кои што ни се јавуваат на тендер за улично осветлување не му е примарна дејност нашата поправка на сијалици и ламби, него му е споредна дејност, они возилата ги користат и за многу други работи, за приватни цели, за инсталации и за сите работи и покрај тоа менуваат сијалици кај нас во делот на тоа што ќе му го пријавиме како прегорена светилка. Мислам дека со 1 500 000 денара вработување на двајца електричари кои што бруто месечно не би биле помалку од 50 000 по човек и купување на едно возило дека нема да биде рентабилно да го дадиме одржувањето на уличното, али еве да го провериме, да го видиме и нормално треба да биде и квалитетно запазено и одговорноста во тој дел. Има многу големи стандарди, еден електричар да има соодветна лиценца годишно плаќа 10 000 денара паушал по човек, само да има лиценца секоја година, работат со струја, мислам сепак е деликатна дејност. Јас мислам дека ковидот кога ќе помине и го ставиме пазарот во

функција и креативните моменти ги поминиме заедно со ИТ Секторот, софтверски решенија, со рампи, со картици, со комплетно паркирање и другите работи и со дел на зголемување на дејноста, дали ќе биде тоа со туристичко вовче, кај што ќе има приходи, дали ќе биде нешто во делот на уличното осветлување или било што друго добро би му дошло на јавното претпријатие, мислам дека треба да дојдиме до позитивна нула, позитивната нула за мене во јавното претпријатие ќе биде комплетно оправдана. Најголемите трошкови и не носење на приходи се од пајак службата. Во пајак службата имаме 6 души вработено, а немаме воопшто реализација. Тоа е поради тоа што полициската станица вика дека нема кадар и полициски служби кои што треба да ја бркат работата. Нашиот пајак за жал во моментов работе во Неготино 3 пати неделно и остварува реализација на 10-12 возила, а у Кавадарци не дига ниедно возило, така да тука треба да го бараме проблемот. Неготинци идат паркират на нашите тротоари, со таму какви коли незнам. Значи таму дигат и тука почнаа колите да ги паркираат. Мислам дека тука треба да се размисле и да се разгледа, а и верувам Орце ти си директор финансов од Тиквеш, па Петра, сега нуму како Петра да не отераш и нас. Дај видите што треба најобјективно, од моја страна немате никаква пречка, гледам заменик директор ти е Таско Атанасов, младо момче, квалитетно, еве ви го Јован Златев, не треба многу комисии, не треба ништо, еден, двајца луѓе треба да си ја потерате работата и да си ја завршите и ќе биде таа работа, а не по цена на граѓаните, нема да покачиме цена и ќе успеете.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас би сакал само да го повикам раководителот е тука, нека каже и он неколку збора кратко ако може. Оти ние сите кажуваме за нив, би сакал и он да каже нешто.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Прво вака би сакал само да кажам како уводно. Сега тука сите вие и јас се напивме кафе и вода и никој не плати, за услугата ниту јас така. Жана донеси кафе на сите нема од никој да наплате и дали тоа значи дека Жана нема направено реализација оти донеси 100 кафиња денеска и дали тоа кафе е бесплатно. Не, кафето и водата на крајот некој треба да ги плате, значи за нас е бесплатно, за гостите е може бесплатно, дури за некој е 10 денара кафето. Да бесплатно ама некој мора да го плате. Добро да се вратиме ова само беше во контекст на она што сакам да го кажам. Значи ЈП Паркинг е формирано како јавно претпријатие. Целта на секое претпријатие, ако е трговско или комерцијално, не знам остварува профит. Во делот на јавните претпријатија, значи нормално Советот или Општина Кавадарци донела одлука дека тоа

претпријатие треба да постое такво во интерес на граѓаните, што значи прво решавање на хаосот во сообраќајот и решавање на проблемите со станарските паркирања во делот на оние граѓани кои што немат каде да се паркираат. Претходно е започнато со депото дадено, значи претходно година ипол работеше депото и пајак службата, а во функција сеуште не беше активирано зонското паркирање и така се почна. Е сега што значи тоа, доколку ние даваме јавни услуги како приватно претпријатие нели така кажа и Градоначалникот, а и во физибилити студијата што ја читав кога ќе се тргне од тоа дека на основа на тие цени или искористеност од 30% ќе остварува претпријатието добивка односно вкупни приходи од 30 000 000 денари. Ок физибилити студија знаеме што значи, како се прави таа, во ред е тоа, меѓутоа на жалот љубов теоретска лепо звуче, али во пракса не е така. Значи ние сега имаме сосем друга ситуација. Од првичната физибилити студии каде што беа предвидени 1000 места од кои 460 беа предвидени за станари 3% за инвалиди и хибридни возила, значи требаше со 500 комерцијални места да се работи, меѓутоа на барање на станари уште првите 3,4 месеци значи беше установено дека оние џепови резидентни што ги има меѓу зградите кај што сега за овој да не плати му се паркират таму, на нивно барање се дополнети со уште 500 места меѓу зградите коишто се нерентабилни, некомерцијални, не се искористени, меѓутоа на барање на станарите да има каде да се паркираат навечер и преку денот, затоа што овој за 10 денара оде таму се паркира за да не плате, ако беше бесплатно, значи на нивно барање тоа е направивено. Таа зона Ц нас ни е 900 места, значи ние сега вкупно располагаме со 1500 места. Станарското паркирање кое што е различно во секој град, некаде е бесплатно, некаде е 300 денари месечно, некаде е за прво возило, значи тоа е политика, одлука на Совет, на основачот, на Локална Самоуправа, значи тоа може да биде по цена поскапо и поефтино. Ние плаќаме 900 денари. 900 денари на годишно ниво, што за мене ок таа како вид на реализација ќе ја спроведиме од 900 денари реализација тоа се 760 000 приход, значи од 1200 колку што излегува значи на почетокот по критериумите кој има право, кој нема право, значи нема право ако има гаража има двор не знам другите имаат право и се распределени на сразмерни зони, во зоната во која што е и една алтернативна до неа уште една зона кај што може да се паркира, значи таа услуга ја користат 1200 возила такви, кои што не значи дека во текот на денот тие 1200 места се паркирани, меѓутоа на крајот на денот вечерта негде мора да се прибере и ни во суштина фактички работиме негде со 300-400 комерцијални места и сега што

се случува тука, значи во делот пример сега на контрола оди сега пример незнам по Илинденска, незнам по друга улица, ако од 20 возила, 15 се со станарски дозволи, 4 се комерцијални само со смс пораки, тие 4 носат за 1 саат незнам 30 000 денари и имаме процент на искористристеност на тие ги прават на дневно ниво тие анализи, дневни, месечни , значи ние сега имаме процент на искористеност на зона А 2,4 часа дневно комерцијално паркирање, а по зона А да поминиш нема никогаш место значи или се бенифицирани карти за вработени од 450 денари, или се станарски карти кои што тука се нема каде да одат годишно, значи сме рекле тие луѓе живеат со години, нема гаража, нема двор, мора тука да се паркира. Тоа дали значи дека луѓето не си ја изработиле работата. Значи луѓето изработиле, вика што сум јас крив што секоја прва, или втора, или трета е станарска или е со повластена карта.Значи ние работата си ја изработуваме, луѓето си ја работат работата, меѓутоа тоа секаде е така пракса, значи не измислуваме топла водаили јас го мразам делот правиме загуба. Значи зошто правиме загуба. Ние треба да најдиме начин на кој што ќе го планираме финансирањето кое што треба да биде како, треба да предвидиме викаме пракса ни покаже дека од смс пораки на основа на сегашното двегодишно искуство кај што имаме 1200 пораки дневно, 30 000 месечно, значи на база на смс порака при комерцијално паркирање, нова консталација на овакви да речиме услови остваруваме 700 000 денари, од продажба на грепки остваруваме уште 100 000 денари, од карти за вработени остваруваме 50 000 месечно, од месечни карти 150 000 денари, од незнам фарбање приход и сега останува дел којшто, ај сега да се вратиме кој што некој треба да го покрие заради тоа што тие места што сме му рекле дека се бенифицирани,субвенционирани, не ни носат приход, а кога не би биле тие, би донеле 100 000 или 200 000 денари по место. И вториот дел пајак службата која што е формирана за потребите на градот и викаме дека треба таа служба да постое како таква .Значи таа има заедно со депото доле кај што имаме 200 места за паркирање, за монтажни гаражи , тие 200 места се по цена од 4000 денари годишно, односно 3400 денари без ДДВ, значи 200 места ако го помножиме ние имаме 600 000 денари приход од депото и од работата на пајакот уште 600 000 денари, а трошокот на таа пајак служба изнесува 4 000 000 годишно земејќи дека има 6,7 1 нажалост почина, седум луѓе со обезбедубедување, значи тој трошок е, е сега тоа е исто како сега Пожарната има 30 луѓе, ако не изгоре ниедна куќа или не прават интервенција дали не треба да земат плата. Значи ние треба да сме свесни и да знаеме дека слушај оваа

служба, ако викаме дека треба да постои таа служба годишно кошта за покривање 3 000 000 денари, доколку се направе незнам поголема ефикасност, да се направат, сега ни е нас просекот 0,9 возила дневно, имавме на почетокот 2,3, 2,4, ланската година планот е правен каде што одмавна за тоа што имавме тврди ветувања со полицијата дека ние следната година ќе направиме просек мора да има 4 возила дневно, јас ги проектирав 4 возила дневно дека ќе бидат, меѓутоа од тоа ништо, соработката за жал, викам дали треба полицајци од Неготино да увезиме или обратно, ние пајакот таму, они полицајци тука, значи таму еве сега почнавме неколку пати го праќаме кај што има ефикасност. Кај нас сеуште за малку едно или ниедно е тоа е. И сега а викаме служба треба да постое, а ги праве трошковите, тие се значи, платите бруто, нето, гуми се кинат, се јавил граничната полиција крените возило, паднало ваму, наму, марихуана, пукнало возило остајте го таму, донесите го и башка што 120 возила донесени 3 години кои што таму стојат, којшто ниедна институција не плаќа, ок меѓутоа тој трошок е наоравен, тој трошок мораме да бидеме свесни дека тој трошок е 250 000 денари месечно или годишно тоа се
3 000 000 денари коишто како служба ако треба да функционира, треба тој дел да го дотираме, камо да оствариме просек, да направиме 5,6 да направе плус уште 1 000 000. Вие сте уснивачи, вие сте газди, еве акционери како сакате кажете се, вие сте основачи, таа добивка ќе кажете ние повлекуваме, па направите рампи, инвестирајте, правете нешто, меѓутоа во суштина во тој дел, значи мора тој дел да биде обезбеден затоа што работел, не работел таа служба 2 смени мора да стои и мора да постое на повик да дојде, сообраќајка, ваква, онаква да дојде. И второто, оној дел што го рековме во делот на тоа субвенционирано паркирање, кај што ок знам дека тоа е непопуларна мерка сега да речиме,не е сега 500 дека ќе бидат 350 денари од прво возило како што е во Скопје и на 350х12месеци доаѓа некоја сума која што е многу повеќе отколку 900 денара годишно, поготово, ок 900 денари годишно за Ц зона можеби е ок затоа што таму таа зона е неискористена, меѓутоа луѓето мораат да отидат таму, мора да провере пајакот, пајакот ќе изврте, возило ќе провере, контролорот ќе отиде до таму, ќе виде, значи таму материјалните, човечките ресурси го трошиш, а од таму немаш ништо профит и рентабилност, а е направено во интерес на граѓаните да има кај да се паркираат за не му одат бесплатно таму да се паркират ако се другите паркинзи бесплатни и останува делот во А и Б зона кои што се испреплетени, ние имаме 230 места во зона А и 380 места во зона Б ,тие едни со други се преплетени тука и за сите овие кои бараат станарски

дозволи и кои ги исполнуваат условите, значи му се даваат алтернатива, значи место каде што живее со една алтернативна зона ако тука нема до него, меѓутоа тоа се 600 места кои нас ни се најкомерцијални поготово веќе А зона или Илинденска и ние ако таму имаме сега пример ги нема тие станарски возила, нема да биде процентот 2,4 часа просечна искористеност, ќе биде 5 часа, ама ако 5 часа тоа веќе е полна капа, значи тогаш не треба..значи во тој дел, затоа што кога ги проектираме расходите, ние знаеме расходите не се оманати нигде, точно можеме да ги предвидиме и плати и фиксни и вакви и такви трошоци, сето го знаеме тоа, меѓутоа за со тие раходи да дојдеме на позитивна нула, да ги покриеме, ние треба да проектираме приходи кои што ќе бидат влезени во Програмата не да покриваме загуба, да биде тоа дотација за работењето на пајак службата која работела, не работела прави 3 000 000 загуба, дотација за станарското паркирање од просечно го земав, просечно 1 час дневно, дека ако не се тие возила, односно ако едно место кое сега ни е зафатено со станарско возило се искористе само еден час тоа се месечно по тој основ 220, 230 000 денари. Значи тие сега ако ги собериме 230 000, 240 000 и пајакот 500 000 годишно се, како и да ги вртиш, тие се 6 000 000 коишто ние не дека не сме ги изработиле, сме ги изработиле, меѓутоа немаш ефект од тоа. Камо да подобриме во делот на пајакот, да подобриме, еве сега сакаме да правиме надградба со софтвер каде што ќе имаме многу поголема контрола и во движење, во запазување и казнување и во сето тоа. Да се подобре тогаш би било ирентабилно и профитабилно, али воа сега не значи дека е нерентабилно ради тоа што ние не работиме, не знаеме да работиме, затоа што тоа штотоа многу групо звучида покриваме загуба, ние не покриваме загуба, ние покриваме, дотираме таму каде што сме рекле дека е бесплатно, сме рекле дека е субвенционирано, каде што сме рекле дека граѓаните ќе користат незнам за 900 денари место, така да во тој дел сакам да ме разберите, значи да не биде тоа да се влезе, значи програмата јас ќе ја изготвам и ќе чекам и работната група пак ја погледне инаку ќе го изработам, чекам уште од работната група заклучоци, предлози, уште нешто, совети и каква е да можам да ви ја презентирам и во следната година да си влезе тој дел кој што останува непокриен, а е изработен, значи не може, тоа е исто како куварката ќе донесе кафе, ама нема да го плати, значи да си влезе тоа како ставка која месечно би се реализирала и би се направила и да не биде сега секој месец еј ќе биде загуба искажи ја како работи, што работи. Во делот на превработеност , ќе ви кажам сум ги анализирал сите претпријатија за паркинзи и

стандардно за контрола на паркирањето на 100-150 места зависно од конфигурацијата на теренот имаме 1 контролор, ние имаме 1500 нека се тоа значи на 150 места треба 10 контролори за ефективна контрола во една смена и 10 во друга смена. Ние имавме на почетокот 12 еден, двајца, тројца пак заминаа, еден отиде во депото бидејќи немаме чуварска служба, па во трета смена да работе пошто не го бива за на улицата и ние сега фактички работиме со 9 контролори да покриеш, а во две смен значи 4 или 5 се во една смена или 5 во друга смена и 2 за блокатори и да покриеш зона која што е од едниот до другиот крај, а викаме стравот грозје чува, значи ако не го гледаш ако не одиш на терен пред Рома ако застане овој не пушта порака, ако често миниш ќе пуште , ако поминиш од ваму, па стигниш, па дури се вратиш, он ќе помине, ќе го испие кафето, ќе поседе еден саат и ќе си тргне , значи во тој дел нема превработеност или воа што го кажа Градоначалникот еве сега ќе кажам таму се 11 луѓе вклучувајќи хигеничар, кафекувар, архивар незнам ок тројца луѓе да речиме ми се мене вишок да речиме во администрација. Затоа што евеи Јован е книговодител, ако ти изготвуваш една фактура, работата за формирање на еден договор или една фактура е истата без разлика дали ќе пишиш 450, или ќе пишиш 1 400 000 така, е сега ние имаме 6000 фактури, 6000 фактури кои што, сите тие фактури, 1 000 000 вкупно годишно. Сакам да ви кажам, сакам да ја сфатите суштината за што се работи и да ги поставиме на здрави основи врз основа на финансирање. Структурата на приходите е тука, трошоците ги гледаме, тие се неизбежни, тука нема ниту денар репрезентација, тука ова што го гледате ставка 400 000 расход, што ќе биде кажано загуба, тоа е возилото кое што ние го купивме со кредит, после 2 месеци е донирано на Општината како донација, неотпишаната вредност и амортизацијата 500 000 денара и така да тој дел го раскнижуваме како дадена донација или не е иста ставката контото е исто, така да заради тоа се јавува во тој дел на расходи, така да во тој дел сакам да ме разберите. Воа нека биде основа за Програмата кога ќе гледаме за наредната година.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Јас ќе бидам кратка. Значи и директорот спомна и Градоначалникот дека луѓе на терен има малку, недоволно, тоа беше потенцирано во Извештајот претходниот што го гледавме и тоа може е и причина што има остварено помалку профит помалку ова јавно претпријатие и треба да се работи на тоа да има повеќе луѓе, добро ако има софистициран софтвер со кој што ќе се среде состојбата на терен, но со проширување на паркинг зоните со пазарот, со трговскиот центар со денешните промени што ги

направивме, ќе треба дополнително луѓе на терен. Со оглед на тоа што ова јавно претпријатие има висок трошок за бруто плати моментално, не може да си дозволи дополнителни вработувања на тоа поле, значи треба да се размислува дали од тие луѓе што се во администрација има простор за луѓето да се вклучат на терен. Не е фер и спрема луѓето што се на терен заради тоа што не само што вршат контрола на плаќањето и на паркинг услугите, тие луѓе мислам дека се вклучени и во фарбањето, на вршењето на тие услуги, така што колку и да сакаме да бидеме фер спрема сите вработени, на некој начин не сме фер спрема луѓето кои што се на терен, кои што работат во зимски услови, ги гледаме секојдневно и тоа треба да си го зема истото во предвид директорот во програмата за наредната година што може да се направи на тоа поле.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитуван директор јас само едно прашање до вас .Спомнавте во вашиот говор дека за соработката со секторот на МВР за зголемување на приходите од депото, од пајак службата треба да се зголеме обртот на дневна основа на пајак службата. Значи според вашето кажување на 4 возила дневно да би било во основа на нула. Така да сакам да ве прашам што е причината со секторот МВР. Зошто мислите дека нашите лица од Кавадарци од ОВР имат дисоцијација со вашата работа.

ДИРЕКТОР НА ЈП ПАРКИНГ ОРЦО НАСТОВ: Образложението е дека немат доволно кадар, дека немат доволно луѓе,излегле на акциска контрола ваква, таква а иначе пракса е во Скопје и секаде каде што еден полицаец е прва смена и втора смена е во пајак и не сме ние тие туку полицијата води, ние сме асистенција на полицијата. За жал значи лани беше проектирано дека ќе има добра соработка, ќе има полицајци, дека ќе направиме барем 4, а само за информација службата во Струмица е укината пајак, заради тоа што треба за рентабилност 10 возила дневно да крева, тоа ние не можеме да го постигниме не верувам дека може, меѓутоа 4 се минимум коишто ги проектиравме дека ќе ги постигнеме, а не ги постигнавме. А сега сме 0,1 или 0,9 или 1,1.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи јас и минатиот совет се сеќавам дека на оваа тема разговаравме и требаше да има Заклучок и да пуштиме до Полициската Станица до Командирот којшто е под ваша ингеренција и пред вас одговара, да се обврзе задолжително секоја смена да пушта полицаец, ако не Извештаите кога му ги гласате да го имате тоа како забелешка на извештаите на Полициската Станица. Така да еве нека оде како Заклучок од Советот денеска, потпишано од

Претседавач на Совет до Командир на Полициска Станица и Началник дека барате задолжително заради дејноста која што ја имаме пајак да има полицаец, а не е битно коЈ полицаец.., тоа си е негова интерна распределба да има на располагање преку денот, а ако биде во две смени ќе биде одлично.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Имам предлог сите советници да се потпишиме на тој предлог и како Совет на Општина Кавадарци го доставиме како барање до МВР Кавадарци за да обезбеде соодветно. Тоа можеме да го направиме со потпис на секој советник и соодветно изготвено барање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот на Градоначалникот го ставам за гласање. Кој е за. 18 за, еден воздржан.

Го затварам претресот за оваа точка и ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за, 5 против и 1 воздржан.

16. Програма за работа на Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2022 година, донесена на Управен Одбор на Локален Музеј галерија Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Дали има некој за збор.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Јас само да кажам дека вчера на Комисијата за култура беше Директорот на Локален Музеј и даде така едно опширно свое видување односно обраќање имаше пред нас за Програмата за 2022 година каде што членовите на Комисијата за култура едногласно ја прифатија така да мислам дека Директорката дека суште е присутна, дека е тука, ако има потреба да дојде арно, ако не.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има потреба од аспект дека.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Вчера беше едногласно прифанато, а и стварно опсежно беше соопштено и си кажа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затварам претресот за оваа точка и истата ја ставам на гласање. Едногласно.

17. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Димката Ангелов Габерот„с.Ваташа за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес. Дали има некој за збор. Бидејќи никој не бара збор гласаме. Кој е за. Едногласно.

18. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности

на учениците од ООУ „Страшо Пинцур„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година ;

Отварам претрес. Кој е за. Едногласно.

19. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „ Тошо Велков Пепето„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно.

20. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Гоце Делчев„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес за оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

21. Предлог-Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ „Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2021/2022 година;

Отварам претрес за оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

22. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес за оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

23. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.58/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Отварам претрес за оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

24. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.47/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Едногласно усвоено.

25. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-70/21).

Отварам претрес за оваа точка. Кој е за. Едногласно.

26. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување (МАЛВП-79/21).

Отварам претрес за оваа точка. Кој е за. Едногласно.

27. Наративен Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци јануари-ноември 2021 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Денес имаме за разлика од вчера, значи ова беше како посебна точка накнадно додадена. Беше Директорката на оваа институција Подиум-Јадро Симона Манчева таа детално ни го објасни Извештајот за работата од јануари до ноември 2021 година. Со една забелешка кога ќе се носе Планот за 2022 година да имаме едно видување на тоа на пример по настан како одат настаните и како се потрошени тие пари доделени од Буџетот на Општина Кавадарци. Додека исто така бевме информирани од директорката дека околу 185 000 денара се потрошени преку ГЕТЕ Институтот односно од ГЕТЕ Институтот и Јадро асоцијацијата независна културна мрежа. Тоа беше исто така едногласно го прифанаме овој Извештај во Комисијата за култура. Имаше уште еден предлог кој мора да го спомнам од директорката која кажа дека некаде за многу скоро време требало да пристигне некоја делегација од Р.Хрватска која што долги години го работелатоа што го работе Јадро и за члeновите на Комисијата за култура да направат еден работен состанок со нив, да ни образложат што всушност претставува Јадро и нас како советници да ни образложат, а и на граѓаните затоа што малку е нејасна цела таа работа. Ние го прифанавме тоа, така само и кажаме да не известе 3,4 дена однапред за да знаеме да се организираме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Истата ја ставам на гласање точка. Кој е за. Едногласно усвоена.

28. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година.

Отварам претрес по оваа точка. Со оваа точка точка бевме запознати пред почетокот на денешната седница. Градоначалникот направи кординација со сите релевантни фактори во Советот, значи бев присутен од советничката група на ВМРО ДПМНЕ јас, Вуко Мелов од советничката група на СДСМ и независните пратеници, советници така да тука е Градоначалникот. Повели Градоначалниче објасни ја последната 28 точка.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани по однос на развојот на Општина Кавадарци и како Совет и како Градоначалник, меѓутоа и како служби имаме прогресивен развој во делот на комуналната изградба, во делот на урбанизацијата. Ќе потенцирам дека пред 2,5 години донесовме нов

Генереален План. Во фаза моментално во Министерството за транспорт и врски имаме околу 15 детални урбанистички планови кои што се работат, во меѓувреме имаме донесено ова година 10 урбанистички планови и сета таа енергија која што ја трошиме во делот за развојот на градот и бенефит и на граѓаните и на инвеститорите предлагаме Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Кавадарци и тоа во Програмата за уредување начин на плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште. По став 4 се предвидува нов став 5 кој гласи:

По барање на инвеститорите до Општина Кавадарци може да се склучи правно дел од договор за уредување на начинот на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и заемните односи врз основа на доставен Извод од урбанистички план. Значи на завршена постапка на активен извод, со изваден извод каде што детално во секој извод колку може да изграде деловен простор, станбен простор или било што да можиме да склучиме договор за наплата на комуналиите. За секое поединечно барање по донесувањето на оваа одлука кој што ќе го добие Општина Кавадарци се задолжуваме како администрација и Градоначалник задолжително е произнесување од страна на Советот на Општина Кавадарци донесување на Одлука за давање согласност за склучување на договор за уредување на начинот на плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште и заемните односи. Така да после ова одлука секое барање кое што го имаме и секој договор кој што ќе биде изготвен ќе биде приложен најтранспарентно, најобјективно пред јавноста, пред вас советниците за да биде потврден како договор за да може Општината да наплате надомест за комунално уредување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Во врска со оваа Програма сакам да кажам дека предлогот е добар. Секои средства што треба да влезат во буџетот на Општина Кавадарци час поскоро, тоа е подобро, отколку да се чека покасно и при склучувањето на договорот треба да се води сметка да се стават точно клаузули дека тие средства ќе бидат неповратни ако не го испочитуваат договорот, дека тие средства се плаќат еднаш да нема закаснување и колку побрзо влезат средствата во Буџетот толку имаме можност да планираме како да се трошат тие средства. Јас буџетот го разбирам само на еден начин, трошоци да, ама мора да има и приходи, ако има приходи чинам можност да

ги планираме и трошковите, ако нема приходи нема и основните трошкови да си ги планираме и затоа ја подржувам оваа програма и ќе гласам за.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор го затворам претресот за оваа точка и истата ја ставам за гласање. Кој е за мола. Едногласно усвоена.

Со тоа почитувани советници го исцрпивме денешниот Дневен ред и третата седница на Советот на Општина Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Пред да ја затворите седницата Претседателе би сакал да пошто е еве веќе трета седница ја рачунаме дека е завршена и помината, благодарам на транспарентноста и објективната соработка на сите советници и на службите и од наредната седница на совет доколку имаме советнички прашања да почниме да ги практикуваме да ги ставаме на Совет, према Градоначалник или према служби пошто мислам дека треба да ги официјализираме и тие работи пошто веќе навлегуваме во материјата и имаме доволно материјал каде што ќе можеме и да дискутираме по основ на советнички прашања.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Истата седницата ја прогласувам за затворена.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов